# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРАНСПОРТНА МЕХАНИЗАЦИЈА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците ,,Дневник” и ,,Коха” од 4.6.2015 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област транспортна механизација, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1284/2, донесена на 2.07.2015, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Јанко Јанчевски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Славе Јакимовски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје и др Илија Камчевски, редовен професор (во пензија) на Машинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област транспортна механизација, во предвидениот рок се пријави д-р Виктор Стојмановски, дипл, маш. инж.

8. Биографски податоци и образование

Кандидатот вонр проф. д-р Виктор Стојмановски, е роден на 18.8.1972 во Скопје. Средно образование завршил во УСО ,,Раде Јовчевски-Корчагин” на 10.6.1991. Со високо образование се стекнал на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на Машинскиот факултет во Скопје. Дипломирал на 16.9.1996 година, со просечен успех 9,73.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик и пасивно со италијанскиот јазик.

Во учебната 1997/98 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на Машинскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршил на 7.3.2002 година, со просечен успех 9,71 кога и го одбранил магистерскиот труд на тема: ,,Истражување на глобалната и локалната распределба на напоните и деформациите на конзолниот носач кај ротирачки багер”.

Докторска дисертација пријавил на 25.6.2003 година на Машинскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: ,,Влијание на депланацијата на динамичкото однесување на просторни тенкоѕидни носечки структури” ја одбранил на 8.7.2005 година, пред Комисија во

состав: проф. д-р Владимир Георгивески, Машински факултет - Скопје проф. д-р Гаврило Гаврилоски, Машински факултет - Скопје, Проф. д-р Славе Јакимовски, Машински факултет - Скопје, проф. д-р Анание Илиевски, Машински факултет – Скопје и проф. д-р Илија Камчевски, Машински факултет - Скопје. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област технички науки.

На 26.1.2006 година е избран во звањето доцент на Машинскиот факултет во областа механизациони машини.

Во моментот е вонреден професор (од 25.11.2010). Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.994 од 15.10.2010 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр.888 од 29.12.2005 за избор во звањето доцент, Билтен бр.876 од 1.7.2005 за повторен избор во звањето асистент, Билтен бр.808 од 15.07.2002 за избор во звањето асистент, Билтен бр. 746 од 15.12.1999 за избор во звањето помлад асистент и Билтен бр. 673 од 11.12.1996 г. за избор за стручен соработник, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

9. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Машинскиот факултет во Скопје, кандидатот д-р Виктор Стојмановски изведува настава на прв циклус студии на студиските програми: транспорт, механизација и логистика и моторни возила, на втор циклус на студии на насоките: Транспорт, механизација и логистика, моторни возила и управување со системи за безбедност и заштита при работа и на трет циклус на студии на насоката машинство.

Кандидатот бил ментор на 2 дипломски труда.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за одбрана на 40 дипломски и еден магистерски труд.

**Другите активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор.**

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Виктор Стојмановски има објавено 6 научни труда од кои 1 научен труд во научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание), 1 монографија објавена во странство (Германија) и 5 труда во зборници од научни собири. Кандидатот остварил и 5 секциски предавања на меѓународни научни собири.

Д-р Виктор Стојмановски е национален координатор на 4 меѓународни научни проекти.

Кандидатот бил ментор на 2 магистерски труда.

**Другите активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Виктор Стојмановски покажал особена активност во стручно-апликативната дејност. Активно е вклучен во работата на акредитираното Инспекциското тело за опрема под притисок, метални конструкции и жичари и ски-лифтови при ЦИРКО ДООЕЛ - Скопје. Од декември 2013 година е негов раководител. Раководител е и на Лабораторијата за механизациони машини при Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила.

Кандидатот д-р Виктор Стојмановски, како раководител на тим или дел од тим, изработил бројни стручно-апликативни трудови, и тоа:

20 труда од областа транспортна механизација,

58 труда од областа на пренослива опрема под притисок,

98 труда од областа на жичари и ски-лифтови,

7 труда од областа на носечките конструкции,

50 труда од областа на магистрални и локални дистрибутивни гасоводи,

270 труда од областа на разна опрема под притисок.

Трудовите претставуваат проекти, експертизи, технички анализи, извештаи и рецензии.

Поседува национални лиценци за проектирање, ревизија и надзор од областа на машинството.

Особена активност кандидатот покажува и во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на Управната и советодавна група (Steering and Advisory group) на Европската мрежа за поддршка на наука, бизнис и трансфер на технологии (Enterprise Europe Network) при Европската комисија, Агенција за мали и средни претпријатија. Член е на Комората на овластени инженери и архитекти на Република Македонија. Раководител е на проектот Enterprise Europe Network - Macedonia, национален конзорциум за поддршка на македонските компании во трансфер на технологии, учество во научноистражувачки проекти и интернационализација на бизнис-дејноста.

Д-р Виктор Стојмановски активно е вклучен во работата на Комисијата за финансии на УКИМ.

Бил член на рецензентска комисија за избор на лице во наставно-научно звање.

Во изборниот период, д-р Виктор Стојмановски учествувал во изготвување и пријавување на 3 меѓународни развојни проекти финансирани од страна на Европската комисија.

**Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот. Конкретните активности се наведени во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.**

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот д-р Виктор Стојмановски, во учебната 2014/2015 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Машинскиот факултет во Скопје.

Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Виктор Стојмановски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Виктор Стојмановски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научната област транспортна механизација.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Виктор Стојмановски да биде избран во звањето **редовен професор** во научната област транспортна механизација.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Проф. д-р Јанко Јанчевски, с.р.**

**Проф. д-р Славе Јакимовски, с.р.**

**Проф. д-р Илија Камчевски, с.р.**

**Анекс 2**

# ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Виктор Стојанчо Стојмановски**

**Институција: Машински факултет - Скопје**

**Научна област: транспортна механизација**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Проектирање на носечки конструкции и надградби (ПРЕДАВАЊА) | 6 |
| 2. | Средства за транспорт (ПРЕДАВАЊА) | 6 |
| 3. | Транспортни средства (ПРЕДАВАЊА) | 6 |
| 4. | Жичари и ски-лифтови (ПРЕДАВАЊА) | 6 |
| 5. | Земјоделски машини (ПРЕДАВАЊА) | 6 |
| 6. | Машини за континуиран транспорт (ПРЕДАВАЊА) | 1,2 |
| 7. | Безбедност при внатрешен транспорт (втор циклус) (ПРЕДАВАЊА) | 3 |
| 8. | Нумерички методи за анализа и проектирање на структурни елементи кај машини и возила (втор циклус) (ПРЕДАВАЊА) | 1,5 |
| 9. | Носечки конструкции (ВЕЖБИ) | 4,5 |
| 10. | Проектирање на носечки конструкции и надградби (ВЕЖБИ) | 4,5 |
| 11. | Жичари и ски-лифтови (ВЕЖБИ) | 4,5 |
| 12. | Земјоделски машини (ВЕЖБИ) | 4,5 |
| 13. | Машини за континуиран транспорт (ВЕЖБИ) | 0,9 |
| 14. | Земјоделски Машини<br>(Подготовка на нов предмет - предавања и вежби) | 1,5 |
| 15. | Машини за континуиран транспорт<br>(Подготовка на нов предмет - предавања и вежби) | 1,5 |
| 16. | Безбедност при внатрешен транспорт (втор циклус)<br>(Подготовка на нов предмет - предавања и вежби) | 1,5 |
| 17. | Нумерички методи за анализа и проектирање на структурни елементи кај машини и возила (втор циклус)<br>(Подготовка на нов предмет - предавања и вежби) | 1,5 |
| 18. | Консултации со студенти 2010-2011 (96 студенти) | 0,192 |
| 19. | Консултации со студенти 2011-2012 (138 студенти) | 0,276 |
| 20. | Консултации со студенти 2012-2013 (125 студенти) | 0,25 |

| Ред. број | Назив на активноста (наставно-образовна): | Поени |
|---|---|---|
| 21. | Консултации со студенти 2013-2014 (49 студенти) | 0,098 |
| 22. | Консултации со студенти 2014-2015 (7 студенти) | 0,014 |
| 23. | Ментор на дипломска работа | 1 |
| 24. | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа | 4 |
| | **Вкупно** | 61,93 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерски работи | 2 |
| 2. | ERAZMUS Life Long Learning Programme: European Academic Network for Open Innovation (Ol-Net),<br><br>Project No. 542203-LLP-1 .2013 -1-FI-ERASMUS –ENW, координатор | 6 |
| 3. | Horizon 2020: INNOSUP Enhancing innovation management capacity of SMEs through the Enterprise Europe Network in Macedonia<br><br>(Acronym: INNO-EEN 2014) – Project No. SEP-210165818, координатор | 6 |
| 4. | Horizon 2020: Enhancing the innovation management capacity of SMEs through the Enterprise Europe Network in Macedonia (acronym: INNO EEN-M), Project No 674808 , Проектен менаџер | 6 |
| 5. | COSME Enterprise Europe Network in Macedonia (acronym: EEN-M), Project No 671756,<br><br>Национален координатор | 5 |
| 6. | Stojmanovski Vladimir, Bogatinoski Zoran, Stojmanovski Viktor: Behavior of Butt-Welded Joints with Imperfections, Lambert Academic Publishing, Saarbrucken Germany, 2015 ISBN-13: 978-3659682704, ISBN-10: 3659682705, монографија објавена во странство | 0,8x12=9,6 |
| 7. | VLADIMIR STOJMANOVSKI, ZORAN BOGATINOSKI and VIKTOR STOJMANOVSKI, 2014. RESEARCH ON THE INFLUENCE OF SAGGING AND CONTINUOUS UNDERCUT ON | 0,8x(6+7,53) |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| | THE CAPACITY OF BUTT-WELDED JOINT. International Journal of Mechanical Engineering & Technology (IJMET). Volume: 5,Issue: 8,Pages: 7-19.,<br><br>Труд со оригинални научни резултати | =10,824 |
| 8. | Viktor Stojmanovski, Vladimir Stojmanovski: Hot tapping on Main Pipeline for Transport of Natural Gas, Proceedings of EUROJOIN 8, Pages 363-371, ISBN 978-953-7518-02-8, 2012,<br><br>Труд со оригинални научни резултати | 1,8 |
| 9. | V. Stojmanovski: Device for transporting out of dimension Sheet metal with truck, Proceedings of 5th International Conference of Transport and Logistics, TiL 2014, Nis Serbia pages 59-64, ISBN 978-86-6055-053-0<br><br>Труд со оригинални научни резултати | 2 |
| 10. | V.Stojmanovski, Z.Bogatinoski, V.Stojmanovski: Research on behaviour of butt-welded joints with imperfections, Static and dynamic behavior, Proceedings of International Workshops on Engineering Branches, IWME 2014, pages 261-268, ISBN 978-605-86637-3-2<br><br>Труд со оригинални научни резултати | 1,6 |
| 11. | Viktor Stojmanovski, Velimir Stojkovski, Mijalce Santa, Beti Kostadinovska-Dimitrovska: The institutional Support as a Factor for Technology Internationalization From Deleloping Countries, Proceedings of the 8-th European Conference on Innovation and Entrepreneursip ECIE 2013, Brussels, pages 581-587 ISBN 978-1-909507-59-3<br><br>Труд со оригинални научни резултати | 1,2 |
| 12. | EUROJOIN 8, Session 8 Welding process: V. Stojmanovski, Hot tapping on main pipeline for transport of natural gas, Organized by European Society for Welding, Joining and Cutting and Croatian Wleding Society, Pula Croatia, 24-26 May 2012<br><br>Секциско предавање | 1 |
| 13. | Intellectual Property (IP) Policy for Universities and Research Institutions, Regional Meeting organized by WIPO and University of Primorska Slovenia, Topic 6: IP at Univeristies in the Region, Koper, Slovenia, 16-17 September 201, Секциско предавање | 1 |

| Ред. број | Назив на активноста (научноистражувачка): | Поени |
|---|---|---|
| 14. | 5th International Conference Transport & Logistics: Session 3 Transporting Technique: V. Stojmanovski, Device for transporting out of dimension Sheet metal with truck, University of Nis, Nis Serbia, 5-6 june 2014, Секциско предавање | 1 |
| 15. | IWME 2014: Research on behaviour of butt-welded joints with imperfections, Static and dynamic behavior, Koc University, ISTANBUL/TURKEY, 8-9 August 2014, Секциско предавање | 1 |
| 16. | WBC Inco-Net: Innovation and Technology Transfer in Western Balkans, 4.05.2011, Ohrid, Macedonia, Секциско предавање | 1 |
| | **Вкупно** | 57,024 |

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Раководител на лабораторија за механизациони машини | 1 |
| 2. | Раководител на Инспекциско тело за опрема под притисок, метални конструкции и жичари и ски-лифтови | 1 |
| | **ТРАНСПОРТНА МЕХАНИЗАЦИЈА** | |
| 3. | В. Стојмановски и други: Технички извешај – Технички преглед во тек на експолатација на челични јажиња на Рото Багер тип SH 400/200 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |
| 4. | В. Стојмановски и други: Технички извешај – Технички преглед во тек на експолатација на челични јажиња на Рото Багер тип SH 400/1 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |
| 5. | В. Стојмановски и други: Технички извешај – Технички преглед во тек на експолатација на статички и динамички челични јажиња на самоодна машина за натоварување и транспорт тип PVP 1800 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |
| 6. | В. Стојмановски и други: Технички извешај – Технички преглед во тек на експолатација на статички и динамички челични јажиња на самоодна машина за натоварување и одложување на материјал тип BRS 1400 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |
| 7. | В. Стојмановски и други: Технички извешај – Технички преглед во тек на експолатација на статички и динамички челични јажиња на самоодна машина за натоварување и одложување на материјал тип | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | ARS 3500 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | |
| 8. | В. Стојмановски и други: Технички извештај – Технички преглед во тек на експлоатација на метална конструкција на самоодна машина за натоварување и одложување на материјал тип BRsh50/1200 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |
| 9. | В. Стојмановски и други: Технички извештај – Технички преглед во тек на експлоатација на метална конструкција на ротобагер тип SRs 401 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |
| 10. | В. Стојмановски и други: Технички извештај од редовен преглед на конструкција на самоодна машина за натоварање и одложување на материјал Zp 2500 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |
| 11 | В. Стојмановски и други: Технички извештај од редовен преглед на конструкција на самоодна машина за натоварување и одложување на материјал тип ARS3500 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |
| 12. | В. Стојмановски и други: Технички извештај од редовен преглед на конструкција на самоодна машина за натоварување и транспорт тип PVZ1800 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |
| 13. | В. Стојмановски и други: Технички извештај од редовен преглед на конструкција на самоодна машина за натоварување и транспорт тип PVP 1800 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |
| 14. | В. Стојмановски и други: Технички извештај од редовен преглед на конструкција на ротобагер тип SH 400/2 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |
| 15. | В. Стојмановски и други: Технички извештај од редовен преглед на конструкција на ротобагер тип SH 400/1 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |
| 16. | В. Стојмановски и други: Технички извешај од редовен преглед на конструкција на драглајн багер ЕШ 6/45 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |
| 17. | В. Стојмановски и други, Технички извешај од редовен преглед на конструкција на драглајн багер ЕШ 10/70 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |
| 18. | В. Стојмановски и други: Технички извешај од редовен преглед на конструкција на самоодна машина за натоварување и одложување на материјал BRS1400 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 19. | В. Стојмановски и други: Технички извешај од редовен преглед на конструкција на кос мост Ud6 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |
| 20. | В. Стојмановски и други, Технички извешај – Технички преглед во тек на експолатација на статички и динамички челични јажиња на самоодна машина за натоварување и транспорт PVZ1800 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |
| 21. | В. Стојмановски и други, Технички извешај – Технички преглед во тек на експолатација на статички и динамички челични јажиња на драглајн багер ЕШ 6/45 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |
| 22. | В. Стојмановски и други, Технички извешај – Технички преглед во тек на експолатација на статички и динамички челични јажиња на драглајн багер ЕШ 10/70 во рудник за јаглен РЕК Осломеј-Кичево, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |
| | **ЖИЧАРИ И СКИ-ЛИФТОВИ** | |
| 23. | В. Стојмановски и други: Технички извештај за ставање во употреба на жичарницата „СРЕДНО ВОДНО – МИЛЕНИУМСКИ КРСТ", Скопје, ЦИРКО-Скопје, 2011. | 1 |
| 24. | В. Стојмановски и други: Извештај за оценка на сообразност на жичарницата „СРЕДНО ВОДНО – МИЛЕНИУМСКИ КРСТ", Скопје, ЦИРКО-Скопје, 2011. | 1 |
| 25. | Технички извештаи за извршен преглед на жичарници и ски-лифтови<br>најмалку 100 извештаи | 100 |
| | **НОСЕЧКИ КОНСТРУКЦИИ** | |
| 26. | В. Стојмановски и други: Суперконтрола при монтажа на метална конструкција на објектот ЏОНСОН МЕТИ МАКЕДОНИЈА, Фабрика за катализатори Фаза 1, ЦИРКО-СКОПЈЕ, 2012. | 1 |
| 27. | В. Стојмановски и други: Суперконтрола при изработка на конструкција на објектот ЏОНСОН МЕТИ МАКЕДОНИЈА, Фабрика за катализатори Фаза 2, ЦИРКО-СКОПЈЕ, 2012. | 1 |
| 28. | В. Стојмановски и други: Технички извештај од извршен преглед на заварени споеви на изведената челична констукција на објектот Спортска сала на ОУ „11 Октомври" – Скопје, ЦИРКО-СКОПЈЕ, 2012., | 1 |
| 29. | В. Стојмановски и други: Елаборат за утврдување на состојба на доводен цевковод на ХЕЦ Песочани дел 1, Скопје ЦИРКО 2010 | 1 |
| 30. | В. Стојмановски и други: Суперконтрола при изработка и монтажа | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | на конструкција на објектот НОВ ПИЛОТСКИ ТРЕНИНГ ЦЕНТАР, Аеродром Александар Велики - Скопје, ЦИРКО-СКОПЈЕ, 2012. | |
| 31. | В. Стојмановски и други: Суперконтрола при производство и монтажа на конструкција на објектот MARQUARDT – Фабрика за автомобилски делови, Индустриска зона Караслари - Велес, ЦИРКО-СКОПЈЕ, 2012. | 1 |
| 32. | В. Стојмановски и други: Technical Report no. 147/2014 from technical examination of the Steel Structure of platform BRIDGE BUILDER type FORM TRAVELER SYSTEM (FT) – Assembly no 1 for AKTOR ADT, ЦИРКО-СКОПЈЕ, 2014. | 1 |
| | **ГАСОВОДИ** | |
| 33. | В. Стојмановски и други: Утврдување на состојба и порценка на интегритет на магистрален гасовод од системот за пренос на природен гас Деве Баир – Скопје, делница Жидилово – Скопје Север, со извршени прегледи на внатрешноста на гасоводот во работни услови (работен притисок 54bar), АД ГА-МА Скопје, ЦИРКО-Скопје, 2013. | 1 |
| 34. | В Стојмановски и други: Периодични прегледи и испитувања, испитувања за ставање во употреба на РАЗВОДНИ ГАСОВОДИ И ГАСОВОДИ ОД ГРАДСКИ ДИСТРИБУТИВНИ МРЕЖИ – најмалку 50 технички извештаи во периодот 2010-2015. | 50 |
| | **ПРЕНОСЛИВА ОПРЕМА ПОД ПРИТИСОК** | |
| 35. | Технички извештаи од извршени испитувања на пренослива опрема под притисок – автоцистерни – најмалку 58 извештаи | 58 |
| | **РАЗЛИЧНА ОПРЕМА ПОД ПРИТИСОК** | |
| 36. | Периодични прегледи и испитувања, испитувања за ставање во употреба на различна опрема под притисок – најмалку 270 извештаи | 270 |
| **1** | **Вкупно** | 510 |

## 5. ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Член на Комисија за финансии на УКИМ | 1 |
| 2. | Член на Steering and Advisory Group на Enterprise Europe Network | 2 |
| 3, | Член на Комисии за избор во соработнички и наставнички звања | 0,2 |
| | **ИЗГОТВУВАЊЕ И ПРИЈАВУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДЕН** | |

| Ред. број | Назив на активноста (стручно-апликативна): | Поени |
|---|---|---|
| | **ПРОЕКТ** | |
| 4. | South East Europe Programme: INnovation SErvices in Region for Technology Advantage (INSERTA) | 1 |
| 5. | South East Europe Programme: Promoting innovation in SMEs by exploiting the potentials of creativity and design (acronym: SEEDESIGN) | 1 |
| 6. | South East Europe Programme: Regional innovation Strategies in the South East Europe (acronym: RISINSEE) | 1 |
| | **Вкупно** | 6,2 |

**6.**

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 61,93 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 57,024 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 510 |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | 6,2 |
| **Вкупно** | 635,154 |

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

**Проф. д-р Јанко Јанчевски, с.р.**

**Проф. д-р Славе Јакимовски, с.р.**

**Проф. д-р Илија Камчевски, с.р**